Почитуван кориснику,

Ви благодариме што одбравте пакет услуги на Македонски Телеком (Call & Surf, 2 Max или 3 Max).

Македонски Телеком, како компанија која на своите корисници секогаш им нуди производи и услуги кои се иновативни и ги следат светските трендови, започна со технолошки премин на својата класична телефонија кон IP телефонија. Ве информираме дека заради промена на начинот на обезбедување на услугите, извршена е исправка на дел од Упатството, кое е составен дел од содржината на кутијата, а се однесува на поврзување на уредот за интегриран пристап доколку имате стандардна PSTN или дигитална ISDN телефонска линија (страна 5 -8 од упатството).

Ве молиме, при поврзување на уредите, да се раководите според следното упатство:

**Поврзувањето на уредот за интегриран пристап треба да се направи на следниот начин:**

1. Проверете ги краевите на сивиот кабел за поврзување на DSL конекторот од уредот за интегриран пристап со телефонскиот (ѕиден) приклучок.

- Доколку кабелот е со различни типови на конектори, приклучете го крајот со поголемиот конектор (RJ-45) во сивиот приклучок на уредот за интегриран пристап означен со DSL (претставен под 1 на скицата на задната страна од овој лист), а крајот со помалиот конектор (RJ-11) директно во телефонскиот (ѕиден) приклучок (претставен под 2 на скицата на задната страна од овој лист).
- Доколку кабелот е со ист тип на конектори на двата краја (RJ-45) (за споредба тоа е конекторот на жолтиот етернет (мрежен) кабел), приклучете го едниот крај во сивиот приклучок на уредот за интегриран пристап означен со DSL (претставен под 1 на скицата на задната страна од овој лист), а другиот крај прво приклучете го во сивиот адаптер (RJ-45 во RJ-11) (претставен под 2а на скицата на задната страна од овој лист), па потоа во телефонскиот (ѕиден) приклучок (претставен под 2 на скицата на задната страна од овој лист).
- Доколку кабелот е со ист тип на конектори на двата краја (RJ-11), поврзете го едниот крај со сивиот приклучок на уредот за интегриран пристап означен со DSL (претставен под 1 на скицата на задната страна од овој лист), а другиот крај директно во телефонскиот (ѕиден) приклучок (претставен под 2 на скицата на задната страна од овој лист).

2. Телефонскиот кабел, кој со едниот крај е приклучен на телефонскиот апарат, поврзете го со црниот телефонски адаптер (TAE во RJ-11).

3. Приклучете го црниот телефонски адаптер (TAE во RJ-11) во приклучокот означен со бројот 1 на задната страна од уредот за интегриран пристап (претставен под 3 на скицата на задната страна од овој лист).

- Доколку сакате да поврзете уште еден телефонски апарат, повторете ги чекорите 2 и 3, при што вториот адаптер (TAE во RJ-11) приклучете го во приклучокот означен со бројот 2 на задната страна од уредот за интегриран пристап (претставен под 3 на скицата на задната страна од овој лист).
- Доколку ја користите услугата 2 Max, поминете на поглавјето од Упатството, кое е составен дел од содржината на кутијата - Вклучување на уредот, и веднаш потоа на поглавјето - Поврзување и инсталација на MaxTV.

4. Вклучете го жолтиот етернет (мрежен) кабел (RJ-45) во првата порта на задната страна на уредот за интегриран пристап означена со LAN1. Другата страна на кабелот поврзете ја со етернет портата на вашиот компјутер.

5. Поврзете го адаптерот за напојување (видете во поглавјето - Вклучување на уредот).

6. Безжичното поврзување на интернет е објаснето во поглавјето - Конфигурирање на безжичното поврзување.




Сподели доживувања

T · · Home